| | JE | Изградба на простор за паркирање | 1.200.000,00 |
| | JГ | Изградба на системи за водоснабдување | 1.516.802,00 |
| | JИ | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 100.000,00 |
| | JJ | Изградба на депонии за отпад | 500.000,00 |
| | JЛ | Капитални расходи за други комунални услуги | 1.700.000,00 |
| | JМ | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 5.800.000,00 |
| | JН | Урбана опрема-Капитални расходи | 6.701.630,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **0** |
| | ЛА | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 0 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **77.313.540,00** |

**Член 9**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1665/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**--------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 14 став (4) и 15 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), член 22 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002) и член 38 став (1) точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006 и 8/2010), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/2022 и 9/2023), во член 2 став 1, износот „26.850.242,00 денари“, се заменува со износот „29.350.242,00 денари“.

**Член 2**

Во членот 2, табелата се заменува со нова табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Комунални дејности** | **29.350.242,00** |
| | | J 6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| | | J Д | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.350.242,00 |
| | | J Ф | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **29.350.242,00** |

**Член 3**

Во член 3 став 1, износот „26.850.242,00 денари“, се заменува со износот „29.350.242,00 денари“.

**Член 4**

Во членот 3, во табелата во делот „Програма ЈД – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици“, износот „21.850.242,00 “ се заменува со износот „24.350.242,00“.

Во истата програма ЈД, во делот „потпрограма ЈД0 - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици“, износот „21.450.242,00 “ се заменува со износот „23.950.242,00“.

**Член 5**

Во членот 3, во делот „Вкупно“, износот „26.442.360,00 денари“, се заменува со износот „29.350.242,00 денари“.

**Член 6**

Во членот 3, табелата се заменува со нова табела:

| Надлежност | Програма | **ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|---|
| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **29.350.242,00** |
| | **J6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.350.242,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **29.350.242,00** |

**Член 7**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1666/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (,,Службен весник на РМ” бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/19, 302/20 и 122/21), член 38 став (1) точка 24 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10,18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) и член 8 став (1) од Одлуката за определување на зони за зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.2/20 и 7/23г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на цени за зонско паркирање во општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат цени и надоместоци за користење услуги на јавните паркиралишта по зони со кои стопанисува ЈПКД Комуналец Гевгелија.

**Член 2**

Цените на услугите и надоместоците се однесуваат на сите јавни паркиралишта со кои стопанисува ЈПКД Комуналец Гевгелија, поделени во три зони и тоа: зона А, зона Б и зона Ц и нивните подзони.

**Член 3**

Цената на услугата паркирање на јавно паркиралиште по зони на подрачјето на Општина Гевгелија по час изнесува:

- Зона А ---------------------------------------- **30,00 денари за 1 (еден) час,** (ограничено на 120 минути)
- Зона Б ---------------------------------------- **30,00 денари за 1 (еден) час**, (неограничено)
- Зона Ц -----------------------------------------**20,00 денари за 1 (еден) час** (неограничено)

**Член 4**

Цените на повластените паркинг карти за правни и физички лица, кои ги издава организаторот на паркирањето со склучување кориснички договор, се:

## 1. *Цена на повластена паркинг карта за станари*

### ** месечно*

- месечна паркинг карта за станари
 за прво возило зона А, Б или Ц ----------------------------**400,00 денари**

- месечна паркинг карта за станари
 за второ возило зона А, Б или Ц --------------------------- **600,00 денари**

- месечна паркинг карта за станари кои користат службено возило- за прво службено возило зона А, Б или Ц --------------- **400,00 денари**

- месечна паркинг карта за станари кои користат службено возило- за второ службено возило зона А, Б или Ц ------------- **600,00 денари**

**** годишно***

- годишна паркинг карта за станари за прво возило зона А, Б или Ц --------------------------  **4.000,00 денари**

- годишна паркинг карта за станари за второ возило зона А, Б или Ц ------------------------  **6.000,00 денари**

- годишна паркинг карта за станари кои користат службено возило- за прво службено возило зона А, Б или Ц ----------- **4.000,00  денари**

- годишна паркинг карта за станари кои користат службено возило- за второ службено возило зона А, Б или Ц ---------- **6.000,00  денари**

### *2. Цена на дневна паркинг карта за физички лица*

- дневна паркинг карта - зона Б ------------------------------ **250,00 денари**
- дневна паркинг карта - зона Ц ------------------------------ **200,00 денари**

### *3. Цена на месечна паркинг карта за физички и правни лица*

- месечна паркинг карта за физички лица зона Б и Ц ----------------------------------------------------------- **2.000 денари**
- месечна паркинг карта за правни лица зона Б и Ц ----------------------------------------------------------- **3.000 денари**

### *4.Цена на месечна паркинг карта за вработени*

- месечна паркинг карта за вработени во деловен субјект со седиште во опфтат на зонско паркирање, за користење на паркиралиштата од подзона во зона Б или Ц, а кои се со место на живеење надвор од град Гевгелија --------------------------- **800,00 денари**

### *5. Цена на годишна паркинг карта за физички и правни лица*

- годишна паркинг карта за физички лица зона Б и Ц ---------------------------------------------------------- ***18*.000 денари**
- годишна паркинг карта за правни лица зона Б и Ц ---------------------------------------------------------- **24.000 денари**

### *6. Цена на резервиран паркинг за физички и правни лица*
### ** месечно*

- месечна паркинг карта за резервирано паркинг место
  за зона А ------------------------------------------------------------ **6.000 денари**

- месечна паркинг карта за резервирано паркинг место
  за зона Б ------------------------------------------------------------ **4.000 денари**

- месечна паркинг карта за резервирано паркинг место
  за зона Ц ------------------------------------------------------------ **3.000 денари**

### ** годишно*

- годишна паркинг карта за резервирано паркинг место
  за зона А ------------------------------------------------------------ **60.000 денари**

- годишна паркинг карта за резервирано паркинг место
  за зона Б ----------------------------------------------------------- **40.000 денари**

- годишна паркинг карта за резервирано паркинг место
  за зона Ц ----------------------------------------------------------- **30.000 денари**

### *7.Годишна паркинг карта за инвалиди*

- годишна паркинг карта за инвалиди зона А, Б и Ц ----- **БЕСПЛАТНО**

**Член 5**

Надоместок за кориснички договор за повластена паркинг карта изнесува:
- за склучување-----------------------------------------------------**300,00 денари**
- за продолжување ----------------------------------------------**100,00 денари**

**Член 6**

Цените на останати услуги и надоместоци кои ги наплаќа организаторот на паркирањето се:

-надоместок за поставување и отстранување на механичко средство за блокирање на возило (блокатор) ------------------------ **1.200,00 денари**

-надоместок за оштетување на механичко средство за блокирање на возило (блокатор) --------------------------------------------------- **4.000 денари**

-надоместок за кражба на механичко средство за блокирање на возило (блокатор) ------------------------------------------------- **10.000 денари.**

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1667/1 | Претседател
19.10.2023 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) а во врска со член 89 став (1) алинеа 3 од Законот за средно образование (,,Службен весник на РМ“ бр.44/95, ...64/18 г.) и член 38 став (1) точка 29 одСтатутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувања на финансовиот план на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план за планирани приходи и расходи на СОУ “Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија за 2023 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлуки бр.02-1128/1, 02-1129/1, 02-1130/1, 02-1131/1, 02-1132/1, 02-1133/1 и 02-1134/1 од 12.10.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1668/1 | Претседател
19.10.2023 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20г.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ ,,Владо Кантарџиев“ – Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план за на ООУ “Владо Кантарџиев“ Гевгелија за 2023 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлуки бр.02-4/55 и бр.02-4/56 од 06.10.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1669/1<br>19.10.2023 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.), а во врска со член  108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата  на финансовиот план  на ООУ ,,Крсте Мисирков“ – Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ “Крсте Мисирков“ Гевгелија за 2023 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлуки бр.02-433/3 и бр.02-433/4 од 09.10.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1670/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.), а во врска со член  108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20г.)  и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ ,,Ристо Шуклев“ – Негорци за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план  на ООУ “Ристо Шуклев“- Негорци за 2023 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-318/1 од 09.10.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1671/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**----------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.), а во врска со член  108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20г.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата  на финансовиот план на ООУ ,,Климент Охридски“ – Миравци за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ “Климент Охридски“ - Миравци за 2023 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-268/1  од  09.10.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1672/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.), а во врска со член  108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20г.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план  на ООМУ ,,Васо Карајанов“ –Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на  финансовиот план на ООМУ “Васо Карајанов“- Гевгелија за 2023 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-85/2 од 06.10.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1673/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14.........198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на измените и дополнувањето на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањето на Финансовиот план на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" –Гевгелија за 2023 година, донесени и предложени од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-144/7 од 10.10.2023 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1674/1 | Претседател
19.10.2023 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Патрик Матх с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр. 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11......11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ЈОУ Дом на култура ,,Македонија“ – Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањето на финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2023 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на оваа установа со Одлуки бр.02-124/3 и бр.02-124/4 од 10.10.2023 год..

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1675/1 | Претседател
19.10.2023 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 32 став (3) од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата на Годишниот финансов план на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев" –Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2023 година, усвоени и предложени од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-141/2 од 12.10.2023 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1676/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, донесе,

# ОДЛУКА

**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година за награда на пожарникари од ТППЕ Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Гевгелија одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, како награда за учество во спасувачката мисија во разрушените подрачја во Република Турција на 4 пожарникари од ТППЕ-Гевгелија, и тоа:

- Дејан Иванов, заменик командир на ТППЕ;
- Димитар Ѓоргиев, пожарникар спасител-возач ;

- Горан Митков, пожарникар спасител-возач, и
- Кире Калинов, пожарникар спасител-извршител.

**Член 2**

Финансиските средства во износ од 30.000,00 денари за секое поединечно лице ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1677/1 — Претседател
19.10.2023 год. — на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија — **Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------------

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 год. и „Služебен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 год.) и член 38 став (1) точка 32 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 19.10.2023 година, разгледувајќи го барањето поднесено од Ансамблот за традиционална музика и игри "Бојмија" – Гевгелија, донесе:

# ОДЛУКА

**за давање на времено користење на помошна просторија во ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, објект во сопственост на Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давањето на времено користење на помошна просторија во ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ - Гевгелија, објект во сопственост на Општина Гевгелија, на Ансамблот за традиционална музика и игри "Бојмија" – Гевгелија, и се уредуваат условите и начинот на неговото користење.

**Член 2**

Помошната просторија се наоѓа на северозападната страна на приземјето во објектот на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, во сопственост на Општина Гевгелија, со површина од 49 $м^2$, кој се наоѓа на КП бр.3312, КО Гевгелија, запишан во имотен лист бр.19528, издаден од Агенција за катастар на недвижности – Гевгелија.

**Член 3**

Давањето на времено користење и располагање со двете простории ќе се одвива преку давање во закуп за недвижни ствари со непосредна спогодба, согласно член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18

год. и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 год.) и член 38 став (1) точка 32 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21).

**Член 4**

Помошната просторија во сопственост на Општина Гевгелија се дава на времено користење во период од 10 години, без надоместок од корисникот.

**Член 5**

За начинот и условите на времено користење на помошната просторија во ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, Општина Гевгелија како давател и Ансамблот за традиционална музика и игри "Бојмија" - Гевгелија како корисник ќе склучат посебен договор.

Договорот од име на Општината се обрзува да го потпише Градоначалникот на општина Гевгелија, по усвојувањето на Одлуката од Советот на Општина Гевгелија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1678/1<br>19.10.2023 г.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002 год.), член 38 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) и член 27 став (4) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр.32/2020 и 111/2023), Советот на Општина Гевгелија донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на Нацрт – Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија. Деталниот урбанистички план е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/2023) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

**Член 2**

Планскиот опфат за изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија е ограничен со:

- **од исток и север:** по граница на блок 10.2 како што е дефинирана со ГУП Гевгелија.

- **од југ:** по оска на Магистрална улица Булевар „Гевгелија“;
- **од запад:** по оска на Магистрална улица „7ми Ноември.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **3.44ha**, односно **34.369m²**.

**Член 3**

Просторниот концепт го сочинуваат следните групи на намени:

**Б - комерцијални и деловни намени;**
**В - јавни институции;**
**Д - Зеленило и рекреација;**
**Е - Инфраструктури;**
и површини наменети за сообраќајници.

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

**Б1.1 мали објекти за трговија**
**В7.4 противпожарна станица „Гевгелија“**
**Е2.1 станица за технички преглед со придружно услужни содржини**
**Е2.1 бензинска пумпна станица со придружно услужни содржини**
**Е1.8 трафостаница**

Дополнително се планирани и наменски зони со намена:

**Д2.1 Заштитно урбано зеленило**
**Е1.11 Одводен канал „Рауљ“**
**Е1.1 Пешачки простори, улици и патеки**

Со планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м²/,
- регулациона линија,
- градежна линија која ја дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м²/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м²/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање – гаражирање на возилата во рамки на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел;
- Графички прилози;
- Основни параметри за уредување на просторот;
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри;

**Член 5**

Градоначалникот на општина Гегелија ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1679/1 — Претседател
19.10.2023 год. — на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија — **Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------**

Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/220 и 111/2023), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 4.23 (дел од КП 2107/1) и ГП 4.22 (КП 2107/3) КО Богородица, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 4.23 (дел од КП 2107/1) и ГП 4.22 (КП 2107/3) КО Богородица, општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 4.23 (дел од КП 2107/1) и ГП 4.22 (КП 2107/3) КО Богородица, општина Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 1.338,00m$^2$.Во границите на проектниот опфат влегува градежната парцела бр.4.32 и г.п 4.22 од Урбанистички план за

село Богородица, т.е дел од КП бр.2107/1 и КП бр. 2107/3 КО Богородица, општина Гевгелија.

**Член 3**

Градежните парцели опфатени со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 4.23 (дел од КП 2107/1) и ГП 4.22 (КП 2107/3) КО Богородица, општина Гевгелија се со намена А1 – домување во станбени куќи со формирање на стопански двор.

**Член 4**

Просторот опфатен со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 4.23 (дел од КП 2107/1) и ГП 4.22 (КП 2107/3) КО Богородица, општина Гевгелија се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 4.23 (дел од КП 2107/1) и ГП 4.22 (КП 2107/3) КО Богородица, општина Гевгелија по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија”.

р.09-1680/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/220 и 111/2023), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 1 со намена Е2.1- полигон за обука на возачи, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 1 со намена Е2.1- полигон за обука на возачи, општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 1 со намена Е2.1- полигон за обука на возачи, општина Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 9.916,24$m^2$.

Проектниот опфат ја опфаќа ГП1 составена од КП бр.4674/9 во КО Негорци, општина Гевгелија, во сопственост на Р.М.

**Член 3**

Градежната парцела опфатена со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 1 со намена Е2.1- полигон за обука на возачи, општина Гевгелија е со намена Е2.1 – полигон за обука на возачи согласно донесен плански документ ЛУПД со основна класа на намена Е2 – полигон за обука на возачи на КП бр.4674/9 КО Негорци, општина Гевгелија.

**Член 4**

Просторот опфатен со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 1 со намена Е2.1- полигон за обука на возачи, општина Гевгелија се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на ГП 1 со намена Е2.1- полигон за обука на возачи, општина Гевгелија по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1681/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,,бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 ), член 2 став (1) и став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.10.2023 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.485/1 КО Конско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички Проект (УП) , со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект – викенд куќа (А4-3) на КП бр.485/1 КО Конско, согласно Закон за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр.32/2020год. и бр.111/2023), а по барање Уп.1 бр.11-419-л од 19.12.2018год. на барателот Дејан Клеменовиќ со стан на ул.,,Коле Неделковски,, бр.19 од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,

Бр.09-1682/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-34/3**
**02.10.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**

**за организирање на втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3) општина Гевгелија, со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија, изнесува **10,64ха**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија се:

- на југо-исток по регулациона линија кон „Булевар Гевгелија“;
- на северо-исток по осовина на улица „Новопланирана 6“;
- на југо-запад по регулациона линија кон железничка пруга;
- на северо-запад по југо-источна граница на дел од Блок 11 (11.1);

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден **09.10.2023** година со почеток во **11.00** часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија, за спроведувањето на јавна презентација и јавна анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Градоначалник
на општина Гевгелија
А***ндон Сарамандов  с.р.***

---------------------------------------------------------

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-34/5**
**02.10.2023 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06 и 8/10), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за формирање на комисија за изготвување на Извештај од спроведена втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија**

1. За изготвување на Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија се формира комисија составена од три члена.

2. Во комисијата се именуваат:

- Елена Колев, дипломиран инженер архитект – одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација;

- Стефан Лазаревски, дипломиран инженер архитект – овластен претставник на изработувачот на планот, Друштво за архитектонски дејности и инженерство техничко испитување и анализа ,,ТАЈФА АРХИТЕКТИ,, ДООЕЛ увоз-извоз Куманово

- Митко Павлов, дипломиран инженер архитект – надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3. Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите за Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија”.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 463 подставка 463110 - Трансфер до здруженија на граѓани и фондации, Програма Д0 во износ од 30.000,00 денари, се доделуваат на Здружение на граѓани „Навивачки клуб ФАНТОМИ“ од Гевгелија за финансиска поддршка на НВО и програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања  и средствата ќе се исплатат  на трансакциона сметка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Здружение на граѓани „Навивачки клуб ФАНТОМИ“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање на проекти од областа на НВО во општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 30.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/434 — Градоначалник
6.9.2023 година — на општина Гевгелија
Гевгелија — **Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на Општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, ставка 464 подставка 464990 – Други трансфери, Програма К4 културни манифестации и творештво, во износ од 149.409,00 денари, се доделуваат на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ од Гевгелија за плати придонеси и тековни трошоци.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања  и средствата ќе се исплатат  на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈОУ Пионерски Дом „Јосип Броз Тито“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година за плати придонеси и тековни трошоци за месец август 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година во износ од 149.409,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/435
6.9.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 463 подставка 463120 – Трансфери до спортски клубови, Програма Л0 - спорт и рекреација, во износ од 750.000,00 денари се доделуваат на Фудбалски клуб „Кожуф“ од Гевгелија за програмски активности.
2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања  и средствата ќе се исплатат  на трансакциона сметка.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Фудбалски клуб „Кожуф“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 750.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/436
7.9.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 463 подставка 463120 – Трансфери до спортски клубови, Програма Л0 во износ од 500.000,00 денари, се доделуваат на Кошаркарски клуб „Кожув“ АД Гевгелија од Гевгелија за програмски активности.

